Врз основа на точка 3. за обуки на кандидати за теоретски и практичен дел кај млади лица од Општина Карпош" од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на развојот за 2022 година и врз основа на Буџетот на Општина Карпош за 2022 година („Службен гласник на Општина Карпош" бр.23/2021), Општина Карпош објавува

# ЈАВЕН ОГЛАС

**за избор на авто школа за обука на кандидати за теоретски и практичен дел кај млади лица од Општина Карпош**

Општина Карпош започнува со проектот "Субвенционирање на млади лица за обуки на кандидати за теоретски и практичен дел кај млади лица од Општина Карпош". Со цел спроведување на оваа активност која е дел од Програмата на Секторот за развој за 2022 година, потребно е општината да изврши избор на авто школа преку која младите лица ќе може да добијат обука за теоретскиот и практичниот дел за возачки испит за Б категорија.

## I. Право на пријавување

Право на пријавување имаат сите заинтересирани правни лица регистрирани во дејноста која ја опфаќа деноста на овој јавен повик.

## II. Критериуми заучество на авто школа

- Авто школата да има лиценца за работа за оспособување на кандидатите за возачи за Б категорија
- Авто школата да има најмалку 8 (осум) возила во своја сопственост или на располагање за оспособување на кандидатите за Б категорија
- Да има најмалку 8 (осум) реномирани возачи - инструктори со лиценца за оспособување на кандидати за возачи за Б категорија, вработени во авто школата или на располагање.
- Авто школата да има канцеларија за прием на кандидати, како и училница за одржување на теоретска настава со сите нагледни средства според Закон, но не подалеку од 3км од седиштето на Општина Карпош ул. Радика бр.9, 1000 Скопје.

III. Критериуми за избор на авто школа

- Избор на најповолна авто школа е онаа која ќе понуди најниска понуда/цена за следење на обуки од теоретскиот и практичниот дел на кандидатите за возачи за Б категорија.

IV. Потребна документација

- Регистрација на фирма
- Тековна состојба издадена од Централен регистар на РСМ, не постара од 6 месеци
- Сите документи наведени во точка 2

IV. Начин на пријавување

Документите треба да се достават по пошта или во Архивата на Општина Карпош во затворен плик на ул.Радика бр.9, барака 2 со ознака "НЕ ОТВАРАЈ ".

V. Рок на поднесување на документите

Огласот трае десет (10) работни дена од денот на објавување, односно до 23.03.2022 година. Отварањето на понудите ќе биде на 23.03.2022 година во 12 часот на ул. Радика бр.9, барака 1, мала сала .

ОПШТИНА КАРПОШ